Јавна здравствена установа
-Градска општа болница
8-МИ СЕПТЕМВРИ
Бр. 02-698/1
14 02 20 20__ год.
СКОПЈЕ

Градска општа болница
**8-МИ СЕПТЕМВРИ**
Скопје

# ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДОПОЛНИТЕЛНА ДЕЈНОСТ

Пациентите кои сакаат да добијат здравствени услуги побрзо од времето утврдено со листата на закажани прегледи и интервенции, задолжително треба да доставаат писмено барање за да добијат услуга од определен здравствен работник надвор од редовното работно време на здравствениот работник во дополнителна дејност.

Ве информираме дека согласно член 222, 223 и 224 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19, 101/19, 153/19 и 180/19), во болницата се врши дополнителна дејност.

**Здравствената услуга извршена на осигурани лица преку дополнителна дејност во јавна здравствена установа во која се вработени здравствените работници што го сочиниуваат тимот е на товар на Фондот, освен надоместокот за тимот.**

**Здравствената услуга извршена на неосигурани лица преку дополнителна дејност во јавна здравствена установа во која се вработени здравствените работници што го сочиниуваат тимот е на товар на неосигураното лице (фондовската цена и надоместокот за тимот). Пациентот како неосигурено лице нема право да бара надоместок на трошоците за здравствената услуга извршена како дополнителна дејност во јавната здравствена установа од Фондот.**

**Здравствената услуга извршена на осигурани лица преку дополнителна дејност во приватна здравствена установа целосно е на товар на пациентот како осигурано лице. Пациентот како осигурено лице нема право да бара надоместок на трошоците за здравствената услуга извршена како дополнителна дејност во приватна здравствена установа од Фондот.**

**Во дополнителна дејност не може да бидат третирани витално загрозени пациенти, пациенти со скршеници, пациенти со мозочен удар, како и пациенти со малигноми.**

Ценовникот и начинот на вршењето на дополнителна дејност ги утврдува директорот, во согласност со министерот за здравство.

Министерство за здравство на РСМ со **Решение бр. 10-7473/2 од 06.12.2019** година даде согласност за примена на **Ценовникот на здравствени услуги за вршење на дополнителна дејност на ЈЗУ Градска општа болница „8-ми Септември" – Скопје бр. 03-3665/4 од 07.11.2019 година**.

Дополнителната дејност во болницата се врши надвор од работното време на здравствениот работник, секој работен ден по 17.00 часот и/или во сабота и/или недела.

За извршените здарвствени услуги во дополнителната дејност (специјалистичко-консултативни и болнички здравствени услуги), здравствениот работник ја води пропишаната медицинска документација и евиденција согласно прописите за евиденциите во областа на здравството и за здравствената заштита, при што се евидентира дека здравствената услуга е извршена во рамките на дополнителната дејност.

**ЈЗУ ГОБ „8-ми Септември"**
**Директор**
**Доц. д-р Христијан Костов**